АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 10.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4218/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 октомври 2024 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 октомври 2024 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (информации достапни за корисниците)**;**
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)**;**

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 18.07.2024 година, за непочитување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-209 од 18.07.2024 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (08.08.2024 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 6 октомври 2024 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно - не ја отстранил извршената повреда на членот 51 став 1 од ЗААВМУ.**

   Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: - полното име на давателот на

аудиовизуелната медиумска услуга; - адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 51 став 1 од ЗААВМУ**, програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 6 октомври 2024 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 18.07.2024 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не ја отстрани повредата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Советот на Агенцијата да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***